ХЗ БРАВУРА КООПЕРАТИВА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# за 2023 ГОДИНА



# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

## за 2023 година

## ХЗ Бравура Кооператива

## Делчево

***ВОВЕД***

*Почитувани,*

*Хуманитарно здружение за помош и подршка на лица со посебни потреби „Бравура Кооператива“ согласно својата Мисија ги обединува политиките поврзани со ранливите групи со посебен акцент на Лицата со посебни потреби и нивните семејства, социјалните права и политиките , правата на децата со посебни потреби, заштита од дискриминација и др. ХЗ Бравура Кооператива активно и во континуитет подготвува, предлага и импелементира мерки, активности и стратегии кои се однесуваат на подобрување на благосостојбата на маргинализираните заедници, јакнење на ефикасен и ефективен социјален дијалог на сите нивоа за подигање на јавната свест за оваа популација, воспоставување на алтернативни форми на услуги од вонинституционален карактер, обезбедување на поголема еднаквост и заштита од секаков вид на дискриминација....*

*2023 година за ХЗ Бравура Кооператива Делчево беше година на организациска промена, преструктуирање, донесување на нови одлуки,правила и процедури, за идните остварувања на организацијата и нејзиното структурно развивање*

*Во 2022-23 година се фокусиравме во системот на социјални услуги наменети за лицата со посебни потреби и преземање на активни мерки за постапување.*

***Благодарност до сите наши донатори, партнери и соработници кои во изминатата 2023 година веруваа во нашите заложби за остварување на мисијата на* ХЗ Бравура Кооператива *Делчево.***



Реализација за 2023
Остварено 2023
Во тек 2023
Планирано 2023
Нереализирано 2023

# Чекори во социјално претприемништво

**Клуб за социјална инклузија „Интегра“.**

Проектот Клуб за социјална инклузија „Интегра“ е програма за вклучување на 12 лица со посебни потреби од Општина Делчево, во организирана форма на услуга за рехабилитација, професионална ориентација и социјализација. Причините за потребата од проектот Клуб за социјална инклузија „Интегра“ е отсуството на институционални и други алтернативни форми на услуги за возрасни лица со посебни потреби во Општина Делчево. Проектот е базиран на приоритетите од Акцискиот план за социјална заштита на Општина Делчево во делот за маргинализирани групи .

**Цели на проектот**: Главна цел на проектот е да се подобри квалитетот на живеење на лицата со посебни потреби во Општина Делчево, преку развој и унапредување на нови алтернативни форми на социјални услуги.

Програмата е подржана од МТСП и Светска Банка.



## ОД УСЛУГА ДО СОЦИЈАЛНО ПРЕТРПИЕМНИШТВО

**Крајна цел на „Интегра“** е социјалното претпријатие, со утврдена работна програма и нацрт бизнис план за вработување и работно ангажирање на групи кои се исклучени од пазарот на труд и продуктивен работен живот, каде преку организиран систем на професионална квалификација и работно вклучување во амбиентална инклузивна средина ќе се спојат работната интеграција и оддржливиот бизнис модел на социјалното претпријатие. Главната цел е да се воспостави оддржлив модел на социјално претпријатие за работна интеграција на територијата на Општина Делчево, кое вклучува и вработува маргинализирани групи во социо-економски амбиент, со дејност за производство и продажба на продукти со инвентивни и иновативни креации, во отворениот пазар на можности „ Интегра“ е проект со иновативна и алтернативна програма за проширување, редизајнирање и унапредување на програмата за професионалната рехабилитација на ХЗ „Бравура Кооператива“ и содржи иновативни солуции во повеќе диференцирани цели, области, модели, производи . Иновативен холистички пристап: „Интегра“ е социјално претпријатие, со одржлив економски модел што интегрира усвојување на знаења и вештини, работно организирање на животот на целната група, развој на културните вредности, место за разбивање на дискриминацијата во заедницата и место кое ги презентира вредностите на трудот со пазарна логика на производство. Пеоектот е подржан од : Цепросарт и ЕУ.



# ГРАЃАНСКИ АКТИВИЗАМ

## ИНОВАТИВНИ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА МОБИЛИЗАЦИЈА НА ЗАЕДНИЦАТА

„Одговорни пред Одговорностите 2 “ е иновативната иницијатива која интервенира кон електоратот на Општина Делчево и жителите на Делчево за подигање на нивото на медиумска, информативна и пропагандна писменост, препознавање на карактерот на информацијата или понудата во програмата, јакнење на критички осврт кон ветените политики, зголемено учество во јавниот живот и јавните политики и јакнење на можности за мобилизација, и интервенции кон остварување на нивните ветувања преку повикување на јавна одговорност на политичкиот локален естаблишмент, а кои интервенции се во насока на остварување на главната цел на проектот„Поддршка на изборните реформи во Северна Македонија**“.** Иницијативата е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), кој го спроведува Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС).

Иновативната иницијатива е таргетирана кон задоволување на демократизирани политички партии кои презентираат политики и изборни програми ориентирани кон граѓаните и кон одговорност од политичките партии и избраните претставници.
Една успешна проектна приказна која остави видлив траен белег и иницијатива која Бравура нема да ја забрави и која ќе остане во иднина и наша обврска.
Нашата тема е: **„ РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИ ЛОКАЛИТЕТ ГОЛАК“**















# ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ НА БРАВУРА КООПЕРАТИВА

## Институционален развој на Бравуира Кооператива

Брзиот развој на организацијата во поледните 5 години, предизвика дисбаланс во функциите на организацијата и поттикна потреби од нови суштински реформи и промени. За да одговори на предизвиците Бравура Кооператива имаше потреба од консолидирање и јакнење на внатрешните капацитети на организацијата.Тој момент е препознаен од програмата на СМАРТ БЛАКАН и е доделен Оперативен грант за 2023-2024 година . Оваа програма е финансиски подржана од **регионалниот проект СМАРТ Балкан - Граѓанското општество за поврзан Западен Балкан, кој е имплементиран од Centar za promociju civilnog društva (CPCD), Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) и Институтот за демократија и медијација (ИДМ), финансиски поддржан од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка**







Резултатите од 2023 година се чуствуваат во постигнатите резултати и остварувања во сите полиња на интервенции и работа на Бравура Кооператива.

Дел од активностите на работните групи:



## Проекти продукти –резултати < 2023 >









**Во првата година од имплементацијата на програмата фокусот на активностите беа во насока на јакнење на интерните капацитетите на Бавура Кооператива, преку организирање на серија работилници од Модул 1 за јакнење на капацитетите за управување со организацијата, човечките ресурси , финасиски менаџмент и други процедури за адинистрирање.**

- **Нови просторни можности**

Со одлука на Влада на РСМ а во соработка со ЛС на Општина Делчево во Декември 2023 год , Бравура Кооператива доби објект на стара касарна во Делчево со простор од 800 м2 . Објектот е во добра состојба и е потребно ревитализација. Овие просторни капацитет даваат нови можности за развој и воспоствување на социјални услуги во заедницат , кој ќе бидат услогласени согласно потребите и приоритетите кои ќе произлезат од социјалното мапирање.









- **Социјални услуги**

**За Бравура, 2023 година е значајна во делот на развој на социјалните услуги со добиени 2 лиценци за провајдер.**




**-Социјална услуга „Помош и нега во домот“**

Од 2022 до крајот на 2023 година Бравура Кооператива преку подршка од УНДП пилотира во воспоствување на социјални услуги во заедницата. Успешноста во развојните стратегии и испорачување на услугата од Мерката 7.2 резултираа во втората половина од 2023 година каде Бравура Кооператива официјално се стекна со Лиценца за давање на социјална услуга „Помош и нега во домот“. Тоа е висок резултат за организацијата што подразбира исполнување на услови и стандарди за испорака на услуга кон лица со намалени функционални способности. Услугата се испорачува на 48 корисници.

Од Септември 2023 година Услугата е со управен договор преку МТСП Скопје, што отвара нови можности на организацијата за стабилен и функционален развој.



**-Социјална услуга „Рехабилитација и реинтеграција на лица со попреченост“**

Проект преточен во Социјална услуга за рехабилитација и реинтеграција , финансиски подржан од МТСП и Светска Банка. Во 2023 година Бравура се стекна со лиценца за давање на услугата. За само 4 месеци презентира високи резултати кон крајната целна група Лица со попреченост над 18 годишна возраст. Програмата се имплементира во соработка со Л.С на Општина Делчево и е во тек со високои очекувања.



- **СОЦИЈАЛНО МАПИРАЊЕ**

Бравура Кооператива е стратешки партнер на Л.С на Општина Делчево, во имплементација на Социјално мапирање во Општина Делчево. Тој процес е важен во креирање на социјалната политика на заедницата. Преку методски и системски пристап , воден од стручни лица продолќуваме и во 2024 година со конечната слика на социјални потреби во заедницата.



**БРАВУРА КООПЕРАТИВА** **сектор „СПОРТ“**

Со соодветна комуникација , знаење и вештина, спорт може да биде моќна алатка за трансформирање на ставовите на заедницата и зајакнување на поединци преку стекнување на нови физички и социјални вештини, самодоверба и позитивни односи.




Универзална популарност на спортот, нејзиниот физички , социјален и економски развоен бенефит, го прават Спортот идеална алатка за намалување на стигмата поврзана со попреченост.

Овие карактеристики , исто така, овозможуваат спортот да биде идеална алатка за поттикнување на социјализацијата, независност, јакнење на капацитетите и целосното вклучување на лицата со посебни потреби во Опшествената заедница. Во таа смисла, спортот не е луксуз. Тоа е потреба со комплементарен пристап, кој може да влијае на традиционалните методи, за достигање на благосотојбата на поединецот, за негово стимулирање во еманципирана заедница.




Спорт работи на подобрување на вклучување и благосостојбата на лицата со хендикеп на два начина – „со промена на она што заедниците мислат и чувствуваат за лица со посебни потреби “ и „со промена на она што лицата со хендикеп мислат и чувствуваат за себе“ .

**БРАВУРА КООПЕРАТИВА ,2023 година ја обележи со многу спорткси настани во интерес на целната група.**










## ***Финансиски Извештај за 2023***

Финасиското работење на **ХЗ Бравура Кооператива** Делчево е организиран на начин кој ги почитува најважните начела на финансиското работење: отчетност, транспарентност и документираност.

Финансиското работење е во согласнот зо Законот за сметководствено работење на напрофитни организации. **ХЗ Бравура Кооператива** Делчево изработува годишен финансиски извештаи, а во согласнот со барањата на донаторите, изработува месечни , квартални и годишни извештаи врз основа на сметководствената документација и евиденција

Хуманитарно здружение<br>за помош и подршка<br>на лица со посебни потреби<br>„Бравура Кооператива“ Делчево

________________________________

# Годишен Финансиски Извештај

## за 2023 година

**ПРИХОДИ**

| | |
|---|---|
| **Приходи од донации** | **2.041.928,00** |
| **Приходи од услуги** | |
| **Приходи од камати и позитивни курсни разлики** | 147,00 |
| **Вонредни приходи** | |
| **Пренесен дел од вишокот на приходи од претходна година** | 1.266.205,00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | 3.505.280,00 |

**РАСХОДИ**

| | |
|---|---|
| **Материјални расходи и амортизација** | **11,081,00** |
| **Други расходи** | 1.300.928,00 |
| **Капитални и други средства** | 290.883,00 |
| **Плати и надомест на плати** | 56.036,00 |
| **Вонредни расходи** | |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | 2.324.806,00 |

| | |
|---|---|
| **Даноци, придонеси и други расходи од добивката** | |
| **Нето вишок добивка по оданочување** | 1.180.474,00 |

Humanitarian Association for Help and Support of
People with Special Needs " Bravura Cooperativa"
Adress: MM Brico bb
Phone : 075-38 27 38 / 078-349-673
Email : bravuracooperativa@yahoo.com
info.uslugi.bcooperativa@gmail.com
www.bravuracooperativa.org.mk

| FB | WEB |
|---|---|